Виолета Ачкоска, ЗАДРУГАРСТВОТО И АГРАРНАТА ПОЛИТИКА 1945-1955, ИНИ, Скопје, 1994, 260.

Монографскиот труд на д-р Виолета Ачкоска под наслов "Задругарството и аграрната политика во Македонија 1945-1955 година" претставува студија за едно мошне интересно и комплексно прашање, присутно во првата деценија по Втората светска војна.

Низа години ова прашање како да беше надвор од интересот на нашата историска наука, како резултат на кусата историска дистанца, на несредената и растурена документација во повеќе архивски и други институции, на ембаргото за дел од документацијата, но и како резултат на одбегнувањето да се истражуваат како табу теми промашувањата во државно-партиската политика во периодот на обновувањето и изградбата и во планскиот централистичко-административен период на НРМ во рамките на ФНРЈ, во конкретниот случај станува збор за мерките во аграрот и селото.

За д-р Виолета Ачкоска тоа пак стана предизвик уште пред повеќе од една деценија. Таа се зафати токму со истражувањето и обработката на повеќе аспекти на аграрот и селото како што се: промените во земјишно-сопственичките односи, задолжителниот откуп, аграрната реформа, земјоделското задругарство, колективизацијата и др. Со објавувањето на овој монографски труд авторот ги прави достапни на научната и пошироката јавност резултатите од нејзините истражувања, како и сознанијата, анализите, оценките и констатациите за развојот на задругарството и аграрната политика. Трудот е компониран во седум тематски целини со предговор од авторот, резиме на македонски и англиски јазик, список на консултирани архивски фондови, објавени извори, литература и други материјали на вкупно 257 страници.

Во првата тематска целина авторот прави ретроспектива на задругарството од втората половина на 19 век до крајот на Втората светска војна на тлото на југословенските земји. Во втората тематска целина прави осврт на идејно-теоретските поставки на претставниците на марксистичката филозофија за подружествување на земјоделството, ги анализира и оценува обидите за нивно применување во практиката во Советскиот Сојуз и неговите економски ефекти во земјоделството и сточарството, ги бара причините поради кои овој советски модел или поточно шаблон на колективизација по 1948 година се пренесува и на источните земји, т.е. во земјите на т.н. народна демократија. Во тој контекст посебно се одделени и елаборирани карактеристиките на процесот

на поопштествување на сопственоста на земјата и на земјоделството во Југославија по 1944/1945 година. Овие воведни тематски целини, иако на прв поглед се чинат малку подалечни од главната тема, се компатибилни и во функција на порелевантното осознавање на степенот на влијанието на надворешниот, поточно копираниот модел на односната политика.

Д-р Виолета Ачкоска во третата тематска целина под наслов "Партиско-државната политика кон задругарството во периодот 1945-1955 година" ја определува и оценува улогата на Партијата и државата во законската регулатива, начинот на формирањето, уредувањето и работата на задругите, степенот на влијанието во таа регулатива од советскиот модел и степенот на присуството на специфичните југословенски услови во обидите за реализирање на идеолошко партиската концепција за социјалистичка преобразба на селото.

Четвртата и петтата тематска целина, кои се најобемни, посветени се на политиката и практиката во аграрот и општествениот развој на селото, со посебно и централно место на задругарството во Македонија од 1945 до 1955 година. Во четвртата тематска целина авторот ги обработува и презентира сите аспекти на земјоделското задругарство во Македонија во двете карактеристични развојни етапи на споменатиот временски период: првата од 1945 до 1947 и втората од 1947 до 1955 година. Според нејзините истражувања, анализи и заклучоци во првата фаза преовладувале задругите од општ тип, со видливо присуство на доброволноста во здружувањето. Ачкоска прави опстојна анализа и на аспектите на задругарството во втората етапа од 1947 до 1955 година. Притоа посебно ја преокупираат причините кои довеле до нагласените промени во интензитетот, дејноста и типовите на задругите по донесувањето на Првиот петгодишен план во 1947 година во услови кога државата настојувала да развие единствен општ тип на земјоделски задруги и да ги вклопи во т.н. врзана трговија.

Авторот ги истражува причините за неуспесите на ваквата задружна политика. Неуспесите биле очигледни и големи, но партиско-државните власти преку организираната пропаганда ја прикажувале нивната работа како мошне успешна и со низа административни мерки, особено по Резолуцијата на Информбирото го зголемувале нивниот број. Таа состојба во аграрот започнала да се менува дури во 1953 година, кога самите државно-партиски фактори преземале мерки за трансформација на општите земјоделски задруги, кога почнал да се напушта дотогашниот голем степен на административна интервенција на државата, се оставил простор за делување на економските законитости и била дадена можност за изразување на економскиот интерес на земјоделецот.

Најобемната тематска целина во книгата е посветена на "Селските работни задруги" познати под кратенката СРЗ. Според оценките на

авторот, државно-партиските власти со воведувањето на СРЗ сметале и очекувале дека ќе решат две најактуелни прашања: аграрното и прашањето на првобитната социјалистичка акумулација. Меѓутоа, и овие задруги не ги оправдале очекувањата на споменатите фактори. Предмет на посебна опсервација и оценки на авторот се: зголемената и директна улога на Партијата преку формираните комисии за село, формирањето и организационите проблеми на СРЗ, принципот на доброволноста, квалификациите на "класниот непријател", односот на националните малцинства кон СРЗ, односот на членовите на СРЗ кон задружниот имот и работа, изградбата на задружните домови и др. Шестата тематска целина е посветена на односите и формите на соработка на земјоделските задруги со машинско-тракторските станици и фондовите за механизација.

Последната тематска целина претставува еден вид завршен дел на книгата, посветена на последиците од аграрната политика во разгледуваниот период, но во исто време содржи и краток осврт - најавување на новите концепции за идниот развој на земјоделската дејност, со кои индивидуалниот производител - земјоделецот треба да се мотивира за соработка со задругата и со другите земјоделски стопанства од општествениот сектор. Веќе се најавувала новата аграрна политика, различна од онаа до 1954 година.

Вака компонираниот труд претставува една заокружена тематска целина низ која се дава одговор на најважните прашања коишто ги поставила д-р Виолета Ачкоска како истражувач и историограф, а тоа се: 1. Да го задржи вниманието на читателот на задругарството како една од првите позначајни организациони форми на здружувања поради заштита на заедничките интереси на производителите или потрошувачите, и на обидите тоа да биде искористено за исполнување на одредени политички цели. 2. Да ги нагласи и објасни очекувањата на најголемиот дел од селанството во Македонија да се реши со децении актуелното аграрно прашање на начин кој ќе одговара на нивните оправдани барања да станат сопственици на земјата која ја сметале за единствен и најсигурен извор на егзистенција. 3. Да ја определи улогата на Партијата, односно како КПЈ-КПМ ја спроведувало во практика својата аграрна политика во која и задругарството доживувало трансформација, но таа е во функција на остварувањето на долгорочната стратегија на Партијата за изградување на "социјалистички односи" на село и за обезбедување на акумулација за индустрализацијата, но кое, во голема мера, не се совпаѓало со интересот на приватниот сопственик на село, затоа тој реагирал и се спротивставувал, а државно-партиските власти прибегнувале кон засилена агитпроповска и политичка активност, која кулминирала со отворени заплашувања, апсења судења и сл. 4. Да ги изнесе последиците од споменатите промени, односно од задругарството планирано и реализирано од

тогашните државно-партиски власти претежно со административни мерки, без почитување на доброволноста, економската логика и стопанските интереси на селото. Тоа придонело, заедно со другите форми и мерки на аграрната политика, да се разори дотогашниот традиционален систем во производството од областа на аграрот и да се оставаат длабоки траги во стопанскиот и општествениот развој на селото во Македонија, кои се чувствуваат и денес, особено со празнењето на македонското село, а тоа има далекусежни последици за целосниот развој на Република Македонија.

Овој историографски труд на д-р Ачкоска е работен врз база на многубројни необјавени извори консултирани во повеќе фондови во Архивот на Македонија во Скопје, во подрачните единици на истиот архив во Скопје и Охрид, во одделението за документација при ИНИ, Во Архивот на Југославија во Белград, во Архивот на ЦК КПЈ во Белград како и на многубројни објавени извори, периодика, литература и др.

Д-р Виолета Ачкоска одржува една критичка дистанца према времето во кое се случува оваа драма на селанството, внимателно ги користи партиските идеолошко-обоени документи, поголемиот број на објавената литература ја користи со една одмерена критика, одбегнувајќи да западне во идеолошко-политички квалификации на одредени настани и процеси од споменатиот период, не преминува во критизерство и напаѓање и отфрлање на сè што е напишано и кажано од поранешните автори кои на некој начин се допираат до оваа тема.

При обликувањето на текстот д-р Ачкоска мошне доследно и одговорно се придржува на научната методологија. Резултатите од истражувањата, нејзините опсервации, анализи и констатации се изнесени со јасна логичка мисла, извонредно коректен стил, кој ќе придонесе овој труд да биде достапен не само на научната, туку и на пошироката јавност.

Даринка ПЕТРЕСКА